Плаќањето на избраниот економски оператор за ваква намена ќе се врши врз основа на извршената реализација поткрепена со записник од комунален инспектор.

## 7.ИЗВЕДУВАЧ НА ПРОГРАМАТА

Во Југоисточниот плански регион во тек е проект за „Изградба на две прифатилишта за бездомни кучиња“ каде е започната градбата на прифатилиштата. Една од локациите за изградба на прифатилиштето е на територијата на општина Струмица каде истото ќе располага со капацитет од 40 кафези. Прифатилиштето ќе биде регионално и ќе го решава проблемот со бездомните кучиња на 6 општини од Струмичко-

Радовишкиот регион вклучувајќи ја и општина Босилово. Истиот проект опфаќа и набавка на соодветно транспортно возило и транспортна приколка.

За спроведување на проектот „Изградба на две прифатилишта за бездомни кучиња“ од страна на Центарот за развој на југоисточниот плански регион, општина Босилово ќе учествува со 150 000,00 денари.

Активностите за изградба на прифатилиштето се започнати, а се предвидени да завршат во текот на 2019 година.

Се додека регионалното прифатилиште не биде во функција, Годишната програма ќе ја реализира субјект кој е изберен во постапка за јавна набавка на услуги за заловување и стручен третман на кучиња скитници и нерегистрирани кучиња на територијата на Општина Босилово кој го спроведе општина Босилово и е во фаза на пред потпишување на договор. Субјектот ги исполнува сите услови за изведување на активностите согласно закон.

По потпишување на договорот економскиот оператор ќе пристапи кон целосна реализација на програмата односно спроведување на планираните активности.

## 8.ОРГАНИЗИРАНО СОПСТВЕНИШТВО

Причините за појава на бездомните кучиња се должи на неодговорно сопственишство со претерано - неконтролирано размножување на миленици и напуштање на милениците. Потоа следува недостиг на образование во средината, недостиг на образование за правата на животните.

Општина Босилово се залага преку подготвување на брошури и едукативни материјали да врши запознавање на јавноста во врска со одговорното сопственишство на домашните миленици, кои се правата и обврските на сопствениците на домашни миленици, како треба да се грижат за здравјето на животните, но и за бездомните животни, водејќи сметка и за сопственото здравје.